Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

**УКАЗ**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ОХРИДСКОТО, ПРЕСПАНСКОТО И ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините одржани на 22 март 1990 година.

Бр. 08-1126/1
22 март 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**ЗАКОН**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ОХРИДСКОТО, ПРЕСПАНСКОТО И ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО**

Член 1

Во Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро („Службен весник на СРМ“ број 45/77, 8/80 и 51/88), во член 17 став 1 зборовите: „50.000 до 1.000.000“ се заменуваат со зборовите: „80.000 до 400.000“.

Во став 2 зборовите: „3.000 до 30.000“ се заменуваат со зборовите: „4.000 до 20.000“.

Член 2

Во член 18 став 1 зборовите: „20.000 до 1.000.000“ се заменуваат со зборовите: „60.000 до 300.000“.

Во став 2 зборовите: „2.000 до 30.000“ се заменуваат со зборовите: „ 3.000 до 15.000“.

Член 3

Во член 19 став 1 зборовите: „10.000 до 500.000“ се заменуваат со зборовите: „ 40.000 до 200.000“.

Во став 2 зборовите: „1.000 до 20.000“ се заменуваат со зборовите: „2.000 до 10.000“.

Член 4

Во член 20 став 1 зборовите: „5.000 до 50.000“ се заменуваат со зборовите: „4.000 до 20.000“.

Во став 2 зборовите: „1.000 до 3.000“ се заменуваат со зборовите: „400 до 2.000“.

Член 5

Во член 21 зборовите: „500 до 10.000“ се заменуваат со зборовите: „400 до 2.000“, а зборот: „поединец“ се заменува со зборовите: „физичко лице“.

Член 6

Во член 22 зборовите: „500 до 10.000“ се заменуваат со зборовите: „400 до 2.000“.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.